# Џими Ван Ем во "Хард рок"



"Џими е еден од оние диџеи, кој кога го слушам сакам да ги дознаам сите песни што ги пушта. Има неверојатно уво за неоткриена музика која ја програмира така што едноставно ќе ти го помати умот. Според мене Џими е меѓу најдобрите", коментира Џон Дигвид за вечерашниот гостин во клубот "Хард рок".

Настапот на Џими Ван Ем е во склоп на промоцијата на 10-то издание на прогресив хаус етикетата "Баланс" и официјална најава за Свен Ват кој настапува задутре на Саем. Пред Ван Ем музика ќе пушта Литл Мајк, журката почнува во 23 ч., ја организираат "УФО", Сити радио и Клуб ФМ. Билетите се 250 денари, а со купен билет за Свен Ват - 150 денари. *(И.И.)*

# Евровизиска журка во "Б2"

Во дискотеката "Б2" во Скопје, вечерва од 22 часот ќе се одржи евровизиска журка на која ќе се пуштаат само евровизиски хитови.

Забавата ја организира ОГАЕ клубот на евровизиски фанови на Македонија, а на неа се поканети нашите досегашни евровизиски претставници и учесниците кои годинава ќе се натпреваруваат на националниот избор за песна за Евровизија на 24 февруари во Универзалната сала во Скопје. Годинава, Евросонг се одржува во мај, во Хелсинки, Финска.

# "Кумановски тамбураши" со двојно цеде



Познатите "Кумановски тамбураши" издаваат двојно цеде. Едното е музика за душа со 14 инструментални композиции во тамбурашки аранжамни, а другото е "Песни за душа" со 10 песни од богатото македонско фолклорно поднебје.

Промоцијата на двојниот албум ќе се случи утревечер во ресторанот "Ексклузив" во Куманово, а гости ќе бидат групата "Боеми" и Зоки Џорлев. Промоцијата е замислена како тамбурашко- боемска вечер со пеење на увце до раните утрински часови.

Промотор ќе биде Влатко Галевски.

# Уште 100 влезници за "Златна Буба Мара на популарноста"

Билетите за музичката манифестација "Златна Буба Мара на популарноста" од касата на Универзална сала се продадени за два часа. Бидејќи многумина заинтересирани останале без билети, организаторот на манифестацијата "Буба Мара радио" во продажба ќе пушти уште 100 билети на вообичаените продажни места.

Музичката манифестација ќе се одржи на 19 февруари во Универзална сала со почеток во 20.30 часот. За оние што и покрај ова ќе останат без билет, музичкото шоу може да го проследат на малите екрани. Снимката ќе може да се проследи на Канал 5 телевизија на 21 февруари во 20 часот. Освен тоа, во живо настанот ќе може да се проследи и на радио "Бубамара" на 105,2 фм.

# Во продажба билетите за Едо Маајка

Во продажба се пуштени билетите за концертот на популарниот босански рапер Едо Маајка, што ќе се одржи во клубот "Хард рок". Билетите се во ограничен број и ќе се продаваат на неколку места. Цената на билетите изнесува 200 денари во претпродажба и 250 денари на влезот од клубот "Хард рок".

Концертот почнува во 24.00 часот. Локална поддршка на Едо Маајка ќе му дадат нашите артисти Шорти П ака Панчо, диџеј Чваре и Тони Зен. *(В.М.)*





